# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. Огласи по тарифата. — Текуќа сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 101-900880. — Текуќа сметка на Продавното одделение 101-670880.

Среда, [illegible] мај 1951
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. VII

[illegible]ој е 10.— дин. — Претплата изнесува 570.— динари, а 750.— динари. Редакција: Ули[illegible] Марка бр. 9. — Телефони: Реда[illegible], Администрација 20-276 Продавно одделение 22-619, Сметководство 27-595, Експедиција 21-251.

**247.**

Врз основа на чл. 28 ст. 1 од Уредбата за надлежноста за определување на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ, бр. 63/50), Владата на ФНРЈ, по предлог од Претседателот на Советот за градежни работи на Владата на ФНРЈ, донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАДЛЕЖНОСТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАВНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОЕКТИТЕ

1. Продавните цени на проектите ги определува матичниот совет на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ.

2. Продавните цени на проектите за инсталации и постројки, кога се составен дел од проект на градежен објект, ги определува матичниот совет во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и со Претседателот на Советот за градежните работи на Владата на ФНРЈ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

IV бр. 2332
3 мај 1951 година
Белград

Го застапува
Претседателот на Владата на ФНРЈ
Потпретседателот на Владата на ФНРЈ,
**Александар Ранковиќ,** с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за градежни работи,
**Љубчо Арсов,** с. р.

---

**248.**

Врз основа на чл. 30 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 83/47), во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ и со Претседателот на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, а по одобрение од Претседателот на Владата на ФНРЈ, пропишувам

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ДОДАТОЦИТЕ ВО НАТУРА ЗА ПРЕПОДАВАТЕЛСКИОТ И ВОСПИТНИОТ ПЕРСОНАЛ В СЕЛО

Член 1

На преподавателскиот и воспитниот персонал в село, поради потешките услови на животот, им припаѓаат додатоци во натура по прописите од овој правилник.

Под преподавателски и воспитен персонал во смисла на овој правилник се сметаат службениците од просветно-научната струка, од звањата: помошен воспитач, воспитач, учител, преподавател и професор на средна школа, што ги вршат работите на своето звање во школите и воспитните установи в село.

Член 2

Додатоците во натура за службениците од чл. 1 на овој правилник се состоат во користење стан, во следување огрев и користење земјиште за градинарски посеви.

Член 3

Сите додатоци во натура по овој правилник се даваат бесплатно.

**А. Стан**

Член 4

На службениците од чл. 1 на овој правилник им припаѓа стан во школската зграда односно во зградата на воспитната установа.

Доколку во школската зграда односно во зградата на воспитната установа нема расположиви станбени простории, месниот народен одбор е должен да им обезбеди стан на овие службеници со соодветниот број станбени простории близу школската зграда односно близу зградата на воспитната установа. Кога се определува бројот на станбените простории ќе се зема во обзир особено бројот на членовите на домаќинството од службеникот.

Трошковите на наемот во случаите од претходниот став одат на терет на месниот народен одбор.

Решението за доделување на станот го донесува месниот народен одбор.

**Б. Огрев**

Член 5

На службениците од чл. 1 од овој правилник за огрев им се даваат дрва и јаглен.

Ако им се дава место дрва јаглен, за секој кубен метар дрва се смета три четвртини тона јаглен. Во тој случај се дава и соодветна количина дрва за потпалување.

Претседателите на советите за просвета, наука и култура на народните републики, ќе определат во согласност со министрите за финасии на народните републики, количини на огрев за поодделни краишта што ќе им се даваат на службениците од чл. 1 на овој правилник, водејќи сметка при тоа за климатските прилики на поодделните краишта, за бројот на членовите на домаќинството на службеникот и за стварните можности за набавка на огревот.

Ако се службениците од чл. 1 на овој правилник брачни другари и живеат во иста куќна заедница, правото на бесплатен огрев го има само едниот од нив.

Службеникот од чл. 1 на овој правилник нема право на бесплатен огрев ако неговиот брачен другар веќе ужива бесплатно огрев по некој друг основ.

Огревот по прописите од овој правилник го даваат месните народни одбори.

### В. Земјиште за градинарски посеви

Член 6

На службениците од чл. 1 на овој правилник им припаѓа на бесплатно користење земјиште за градинарски посеви, ако школата односно воспитната установа има земјиште за таа цел. А ако школата односно воспитната установа нема земјиште за градинарски посеви или го нема во достаточни површини, на овие службеници може да им се додели друго земјиште близу школата односно воспитната установа, доколку има можност за тоа.

Големината на земјиштето за градинарски посеви од претходниот став се определува спрема родноста на земјата, спрема потребите на домаќинството на службеникот и стварните можности за давање земјиште.

Земјиштето за градинарски посеви од овој член го доделуваат месните народни одбори.

Поблиски одредби за доделување на земјиштето за градинарски посеви и за неговата големина (површина) ќе донесат претседателите на советите за просвета, наука и култура на народните републики.

### Г. Завршни одредби

Член 7

Претседателите на советите за просвета, наука и култура на народните републики, во согласност со министрите за финансии на народните републики, можат давањето на додатоците од овој правилник да го прошират и на преподавателскиот и воспитниот персонал во седиштата на околиските народни одбори и во други места, ако се исти условите за живот во тие места како во селата.

Член 8

Со влегувањето во сила на овој правилник сите додатоци во натура за преподавателскиот и воспитниот персонал во село што се состоат во користење на стан, следување на огрев и во користење на земјиште за градинарски посеви, ќе се сообразат кон прописите од овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 3263
21 април 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за наука и култура,
**Родољуб Чолаковиќ, с. р.**

Согласни:

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ, с. р.**

Претседател на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ,
**Едвард Кардељ, с. р.**

Одобрувам,
Претседател на Владата на ФНРЈ и Министер на народната одбрана, Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито, с. р.**

**249.**

Врз основа на чл. 36 од Основниот закон за буџетот, а во врска со чл. 26 и ст. 2 на чл. 34 на Уредбата за извршувањето на буџетот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/47), пропишувам

## НАПАТСТВИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊАТА И ДОПОЛНУВАЊАТА НА НАПАТСТВИЕТО ЗА ПРЕСМЕТКА, УПЛАТА И ЗА РЕГРЕС НА РАЗЛИКИТЕ ШТО СТАНАЛЕ ПОРАДИ ИЗМЕНУВАЊЕТО НА ЦЕНАТА НА СТОКИТЕ ШТО СЕ ЗАТЕЧЕНИ ВО ТРГОВСКАТА МРЕЖА И ПОРАДИ ИЗМЕНУВАЊЕТО ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ

1. Точката 1 од Напатствието за пресметката, уплатата и регресот на разликите што станале поради изменувањето цените на стоките што се затечени во трговската мрежа и поради изменувањето цените на услугите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/50) се менува и гласи:

„Под разлика во цената на стоката во смисла на ова напатствие се сметаат сите разлики што настануваат кога на стоката која е затечена во претпријатијата на трговската мрежа (на државните, задружните и на општествените организации) ќе и се изменат единствените цени.

Исто така, под разлика во цената на стоката во смисла на ова напатствие се сметаат и разликите што ќе ги остварат откупните претпријатија кога откупените производи ги продаваат на трговските претпријатија по цените поголеми или помали од откупните цени наголемени за износот на откупната маржа и за данокот на промет на производите.

Под разлики во цената на стоката во смисла на ова напатствие не се сметаат:

а) разликите што ќе настачат поради изменувањата на цените на стоката која им се продава на потрошувачите по слободно формираните цени;

б) разликите што ќе станат кај откупните претпријатија кога ги продаваат откупените производи преку сопствената дистрибутивна мрежа;

в) разликите што ќе станат кај трговските претпријатија при продажбата на производите набавени од откупните претпријатија а кои производи откупните претпријатија ги откупиле по определените откупни цени (државни, сврзани или цените во слободен откуп).

Разликите што ќе станат во случаите под а) до в) се пресметуваат и се уплатуваат односно се надокнадуваат по посебните прописи."

2. Точ. 10 ст. 2 се менува и гласи:

„Во 1951 година разликите во цената што ќе настанат поради изменувањето на цените под точ. 1 ст. 1 и 2 на ова напатствие ќе се уплатуваат на соодветната сметка на пазаришната добивка."

3. Точ. 13 се менува и гласи:

„Позитивните разлики што ќе станат поради изменувањата на цените на услугите се уплатуваат како данок на промет на производите на соодветните сметки, доколку за поодделни случаи не е инаку определено со посебни прописи. Негативните разлики што ќе настанат поради изменувањата на цените на услугите, му се надокнадуваат на претпријатијата со регрес доколку тие разлики настанале во текот на годината и не се предвидени во финансискиот план на претпријатието.

Регресот по претходниот став го остваруваат претпријатијата на начинот што е предвиден за враќање на уплатата на данокот на промет на терет на соодветните сметки на кои се вршат уплати на позитивните разлики."

4. Точ. 14 се менува и гласи:

„Решение за регресот и решение за враќањето на погрешно уплатените разлики донесува повереникот за финансии на околискиот односно на градскиот

народен одбор по прописите што важат за враќање уплатите на пазаришната добивка и го испраќа непосредно на извршување до банката кај која што има текуќа сметка претпријатието."

5. Ова напатствие ќе се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 10377
6 мај 1951 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

250.

Врз основа на чл. 5 во врска со чл. 3 од Правилникот за додатокот за работа во службите што се вршат под тешки односно по животот опасни услови и за вршење работи што се од нарочно значење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 41/50), а по предлог од Претседателот на Советот за селско стопанство и шумарство на Владата на ФНРЈ, издавам

## НАРЕДБА

## ЗА ОДДЕЛНИ ДОДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО РАБОТАТ ВО ВЕТЕРИНАРНИ УСТАНОВИ ПОД УСЛОВИ ОПАСНИ ПО ЖИВОТОТ ИЛИ ПО ЗДРАВЈЕТО

I. На службениците што работат во ветеринарни установи под услови опасни по животот или по здравјето, им припаѓа одделен месечен додаток по одредбите од оваа наредба.

II. Како работење (служба) што се врши под условите опасни по животот или по здравје на службениците во ветеринарните установи се смета:

работењето во ветеринарни институти, заводи, во дијагностички станици на испитување и дијагностицирање на заразни болести на добиток: на сакагија, беснило, бедреница, бруцелоза, туберкулоза, тетанус и на шуштавец;

работењето на вируси во институти и во лаборатории;

работењето во ветеринарни станици, амбуланти, болници, клиники и на терен во откривање, отклонување и сузбивање на заразни болести на добиток;

работењето на уклонување лешеви;

работењето со лешеви на пцовисани животни (вршење секцирање) во ветеринарните установи и на терен и работењето со заразени животни во ветеринарните установи;

работењето во бактериолошки лаборатории на ветеринарните установи и претпријатија;

работењето во ветеринарни производствени заводи и лаборатории во производството на вакцини, антигени и серуми против: беснило, сакагија, тетанус, туберкулоза, бруцелоза, шуштавец и бедреница;

работењето во ветеринарни производствени заводи и лаборатории во производството на други вакцини, антигени и серуми против заразни болести на добиток;

работењето со отровни и експлозивни материјали во лаборатории на ветеринарните установи и на претпријатијата за ветеринарно производство и на претпријатијата за расподелба на ветеринарни лекови и серуми;

работењето на испитување паразитарни оболенија и контрола на серуми и лекови, на контрола на производите од анимално потекло и во хемиските лаборатории;

работењето на дезинфекција, дезинсекција и дератизација со отровни хемиски средства;

работењето во пералници на заразни материјали, во бактериолошки кујни, во цревари;

работењето на филтрација, расточување и пакување вакцини, антигени, серуми и лекови.

III. Одделен додаток по оваа наредба им припаѓа на службениците од ветеринарната струка спрема интензитетот на опасноста и степенот на изложеноста на оваа, без обзир на звањето што го имаат, во месечни износи, и тоа:

1. а) кога непосредно и постојано работат со заразни материјали на зоонози: на сакагија, беснило, бедреница, туберкулоза, бруцелоза, тетанус, шуштавец како и на вируси со цел на научно испитување, дијагностицирање, или во производството на вакцини, антигени и серуми со цел да се заштити добитокот во ветеринарните институти, лаборатории и претпријатија со производство од 1.300 до 1.500 динари;

б) кога работат непосредно и постојано на производството на други вакцини и серуми што не се споменати под точ. 1. а) во ветеринарните производствени заводи, на контрола на серуми и лекови, на испитување паразитарни оболенија, на контрола на производите од анимално потекло во ветеринарните институти, заводи и лаборатории од 1.000 до 1.300 динари;

2. а) Кога работат непосредно и постојано со лешеви (вршење секцирање), во ветеринарните установи и на терен со цел да се утврдат причините на пцовисувањето и кога работат постојано на нешкодливо отстранување на лешеви од животни од 1.300 до 1.500 динари;

б) кога работат непосредно и постојано на терен во откривање, отклонување и сузбивање на заразните болести на добитокот во ветеринарните станици, амбуланти, болници и кланици; кога работат непосредно и постојано со живи заразни бакцили во бактериолошките лаборатории на ветеринарните установи, кога работат постојано со заразени животни наменети за научни испитувања, дијагностицирање и за производство на серуми и вакцини од 1.100 до 1.300 динари.

3. а) Кога работат непосредно и постојано со отровни или експлозивни материјали во лаборатории на ветеринарните установи и претпријатија за хемо-фармацеутско производство од 800 до 1.100 динари;

б) кога работат непосредно и постојано: на дезинфекција, дезинсекција и дератизација со хемиски отровни средства; кога работат непосредно и постојано во пералници на заразни материјали, во бактериолошки кујни и во цревари; кога работат непосредно и постојано на филтрирање, расточување и пакување на вакцини, серуми и лекови во ветеринарните претпријатија за производство и расподелба на серуми и лекови од 500 до 700 динари.

IV. На службениците од други струки, кои вршат во ветеринарните установи работи на службеници од ветеринарната струка за кои што е предвиден во точ. III. од оваа наредба одделен додаток, им припаѓа истиот додаток како и на службениците од ветеринарната струка.

V. Решението за доделување на овој додаток во границите на најмалиот и најголемиот износ го донесува старешината на организационата единица односно органот надлежен за назначување на службеникот.

VI. Додатокот по оваа наредба се исплатува месечно уназад и му припаѓа на службеникот само за времето додека работи на работите спомнати напред.

VII. Одделниот додаток по оваа наредба ќе се исплатува од 1 јануари 1951 година.

VIII. Претседателот на Советот за селско стопанство и шумарство на Владата на ФНРЈ ќе издаде по потреба поблиски напатствија и објаснувања за спроведување на оваа наредба.

IX. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 1234
21 април 1951 година
Белград

По овластување
од Претседателот на Советот
за законодавство
и изградба на народната власт
на Владата на ФНРЈ
Министер на Владата на ФНРЈ,
**Љубодраг Ѓуриќ,** с. р.

## 251.

Врз основа на чл. 15 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија, во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ" бр. 3/51) донесувам

# РЕШЕНИЕ
## ЗА МАРЖИТЕ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО И ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ТРОШКОВИ НА ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО

### Одредби за индивидуалните маржи

1. Сите трошкови на трговијата осем зависните трошкови во прометот со производите што не се продаваат по определените единствени цени во продажбата на мало, државните трговски претпријатија на големо и државните трговски претпријатија на мало ги покриваат од индивидуалната маржа на трговијата. Зависните трошкови во стварно платениот износ трговските претпријатија ги засметуваат одделно во продажната цена.

Процентот на индивидуалната маржа од погорниот став еднаков е на процентот на индивидуалните трошкови на трговијата кој му се определува на поодделно претпријатие по одредбите на точ. 5 од Уредбата за платите на персоналот во трговијата на мало („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50) односно по одредбите на Решението за определувањето на просечните индивидуални трошкови на трговијата и просечниот и индивидуалниот процент на фондот на платите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51).

2. Износот на индивидуалната маржа на трговијата претпријатието го пресметува од продавната цена која се состои од:

а) куповната цена,
б) зависните трошкови,
в) индивидуалната маржа,
г) евентуалната разлика во цената.

3. Ако е износот на остварените рабати и маржи поголем од износот на пресметаните индивидуални трошкови, државните трговски претпријатија ја уплатуваат разликата во буџетот на надлежниот орган. Оваа разлика се утврдува и уплатува при пописот на стоката (инвентура).

### Одредби за индивидуалните трошкови на трговијата на големо

4. Индивидуалните трошкови на трговијата за државните трговски претпријатија на големо се определуваат во процент врз основа планираниот промет на претпријатието. Овој процент го определува за поодделно претпријатие директорот на главната управа за трговија и снабдување на народната република во согласност со министерот на финансиите на народната република.

Индивидуалните трошкови определени по претходниот став ќе важат од 1 мај 1951 година.

5. Кога државно трговско претпријатие на мало продава стока на земјоделски задруги од општ тип со цел на натамошна препродажба (меѓутрговски промет), ќе пресметува на тој промет само 60% од определените му индивидуални трошкови.

Ако претпријатието од погорниот став продава на големо стока на другата трговска мрежа, ќе засметува на тој промет само 25% од определените му индивидуални трошкови.

### Преодни одредби

6. Поради правилното применување на ова решение, органите што се надлежни за определување на индивидуалните трошкови на трговијата ќе ги определат индивидуалните трошкови и на оние трговски претпријатија на кои што уште тие трошкови не им се определени. Едновремено овие органи ќе извршат проверка на веќе определените индивидуални трошкови и ќе извршат потребни поправања, со тоа наново определените индивидуални трошкови да важат од 1 мај 1951 година.

7. Државните трговски претпријатија ќе ги утврдат износите на неостварените рабати и маржи за стоката што ќе се затекне кај нив на запаси на 31 мај 1951 година.

Ако е износот на неостварените рабати и маржи на запасите од погорниот став помал од износот што би се добил кога би се пресметале истите запаси по процентот на определените индивидуални трошкови, разликата ќе се покрие од разликата во цената.

8. Прописите на ова решение ќе се применуваат и на претпријатијата на општествените организации на кои што им се определуваат индивидуалните зависни трошкови на трговијата.

9. Ова решение ке се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија" со тоа што индивидуалните маржи поодделни претпријатија ќе ги применуваат од денот кога во смисла на ова одредбите од ова решение ќе им се определи процентот на индивидуалните трошкови односно од денот кога по извршената проверка ќе им се определи нов процент на индивидуалните трошкови.

Од денот на применувањето на индивидуалните маржи за државните трговски претпријатија и претпријатијата од точ. 8 на ова решение престануваат да важат прописите на Решението за рабатите и маржите во трговијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51) доколку се однесуваат на маржите на трговијата. Прописите на тоа решение што се однесуваат на рабатите остнуваат и натаму во сила.

Бр. 7010
12 мај 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ,** с. р.

Согласен,
Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ,** с. р.

## 252.

Врз основа на чл. 9 од Уредбата за надлежноста за определување и контрола на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ, бр. 63/50), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, донесувам

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОКНАДИТЕ ЗА УСЛУГИ НА ЈАВНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВНИ ПРИСТАНИШТА

I. Со прописите од ова решение се определува висината на надокнадите за употреба на јавните воздухопловни пристаништа и за други услуги од воздухопловната служба на територијата на Федеративна Народна Република Југославија.

II. Надокнади за слетнување на воздухопловите

1. Висината на надокнадите за слетнување на воздухопловите изнесува:

а) за воздухоплови во сообраќајот:
— до 25 тона тежина, за секоја тона по — — — — — — — 100 динари
— преку 25 тона тежина, за секоја тона по — — — — 200 „

б) за туристички и други воздухоплови што не летаат во комерцијални цели, за секоја тона тежина по — — — — — — — 50 „

2. Од надокнадите за слетнување се ослободуваат:

а) сите државни воздухоплови и воздухопловите на Воздухопловниот сојуз на Југославија, осем оние што вршат воздухопловен сообраќај или воздухопловни услуги во комерцијални цели;

б) сите воздухоплови на пробни летања, под услов пробните летања да се извршуваат во зоната на дотичното воздухопловно пристаниште и во воздухопловите да се наоѓа само неопходно потребна посада за пробни летања;

в) сите воздухоплови на кои што се врши тренирање на летачи, односно оспособување на летачи за јавен воздухопловен сообраќај;

г) сите воздухоплови на странски дипломатски претставништва (амбасади и сл.) и на Црвениот крст, како и сите државни воздухоплови на странски држави кога летаат по специална дозвола од органите на ФНРЈ поради пренесување на патници што доваѓаат во специални меѓународни мисии или во службени посети во ФНРЈ, со тоа овие летања да не се вршат со наплата.

III. Дополнителни надокнади за ноќно слетнување или полетување

Дополнителната надокнада за ноќно слетнување или полетување, без обзир на тежината на воздухопловот изнесува:

| | Динари |
|---|---|
| а) на царински воздухопловни пристаништа — — — — — — — — — — — | 1.000 |
| б) на другите јавни воздухопловни пристаништа — — — — — — — — | 500 |

Воздухопловите кои врз основа на одделот II под 2) од ова решение се ослободени од плаќањето на надокнадите за слетнување, се ослободуваат и од плаќањето на дополнителната надокнада од претходниот став.

Како ноќно слетнување и полетување се смета она слетнување или полетување што се врши во времето од 30 минути после заоѓањето на сонцето до 30 минути пред да излезе сонцето.

IV. Надокнада за боравок

Надокнадите за боравок на воздухопловите на јавните воздухопловни пристаништа изнесуваат:

| | Динари |
|---|---|
| а) до 25 тона тежина, за секоја тона по еден ден — — — — — — — — — | 25 |
| б) преку 25 тона тежина, за секоја тона по еден ден — — — — — — | 20 |

За првите 6 часа на боравокот надокнадата за боравокот не се наплатува. На воздухопловните пристаништа на кои што се наоѓа домицилот на воздухопловот, надокнадата за боравокот воопшто не се плаќа.

Секој дел од тона се смета како цела тона, а секој започнат ден како цел ден.

V. Надокнади за сместување на воздухопловот

Надокнадите за сместување воздухоплови во складиште — хангар изнесуваат:

| | Динари |
|---|---|
| а) до 25 тона тежина, за секоја тона по еден ден — — — — — — — — — | 100 |
| б) преку 25 тона тежина, за секоја тона по еден ден — — — — — — — | 50 |

Секој дел од тона се смета како цела тона, а секој започнат ден како цел ден.

Надокнадите за сместување на воздухопловите се наплатуваат одделно од надокнадите за боравок.

VI. Надокнади за воздухопловно-технички услуги

Надокнадите за воздухопловно-технички услуги, кои на странските воздухоплови им ги дава Југословенскиот аеротранспорт изнесуваат:

1. за прифаќање и отпраќање воздухоплови:

а) до 10 тона тежина:

| | Динари |
|---|---|
| — кај слетнување со боравок — — | 840 |
| — кај слетнување без боравок — | 660 |
| — кај техничко слетнување во транзит — — — — — — — — — — | 260 |

б) преку 10 тона до 15 тона:

| | |
|---|---|
| — кај слетнување со боравок — — | 2.500 |
| — кај слетнување без боравок — | 2.000 |
| — кај техничко слетнување во транзит — — — — — — — — — — — — | 750 |

в) преку 15 тона тежина:

| | |
|---|---|
| — кај слетнување со боравок — | 5.000 |
| — кај слетнување без боравок — | 4.000 |
| — кај техничко слетнување во транзит — — — — — — — — — | 1.500 |

Во случаите на прифаќање и отпраќање на воздухопловот вон работното време (ноќе или на празник), соодветните надокнади се наголемуваат за 25%.

Ако воздухопловот во случаите на техничкото слетнување во транзитот се задржува на воздухопловното пристаниште помалку од 4 часа, се одобрува попуст од соодветната надокнада за 75%.

Во случаите кога бројот на редовните слетнувања на патничките воздухоплови на исто воздухопловно друштво во текот на еден месец изнесува повеќе от 20 се одобрува попуст од соодветната надокнада за 10%.

Со меѓународните воздухопловни договори — конвенции може да се дозволи намалување на горе означените износи, на име надокнада за прифаќање и отпраќање на воздухопловите, под услов на реципроцитет што се однесува до висината на надокнадата.

2. За одгледување и поправање на воздухопловите се плаќа одделна надокнада. Износот на оваа надокнада се пресметува на тој начин што на износот кој отпаѓа на платите определени по работниот час и вредноста на утрошениот материјал ќе се додаде на име режиските трошкови 150% од износот на име на платите.

Како најкратко утрошено работно време се смета еден час.

3. Надокнадата за превозење патници членови на посадата на воздухопловот и теретот од местото на преземањето на патниците и на теретот до воздухопловното пристаниште, односно обратно, изнесува 45 динари по лице или за терет до 100 кг. За секои натамошни 100 кг. терет се плаќа уште по 45 динари.

4. За употребата на моторните возила за превозење и за влечење на воздухопловот, се плаќа надокнада по соодветната тарифа за употребеното возило. Како најмало употребено време на возилото се смета еден час.

5. Надокнадите на услуги на службата за врски, што ја извршуваат воздухопловните пристаништа (трафик) за испраќањето на неслужбени телеграми на другите воздухопловни јавни пристаништа, изнесуваат:

| | Динари |
|---|---|
| — за обични телеграми во внатрешниот сообраќај, за 1 збор — — | 1,50 |
| — за хитни телеграми во внатрешниот сообраќај, за 1 збор — — | 3.— |
| — за обични телеграми во странски сообраќај за 1 збор — — — — | 4,50 |
| — за хитни телеграми во странски сообраќај за 1 збор — — — — | 6.— |

Како најмал број зборови за наплата на една телеграма се земаат 10 збора. За други услуги што се извршуваат на воздухопловните пристаништа, ќе се наплатува надокнада според калкулацијата на цените за односниот вид на услуги. Калкулациите на цените за поодделни видови на услуги ја пропишува Министерот на сообраќајот на ФНРЈ.

VII. Ова решение ќе се применува осмиот ден по објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", од кој ден престанува да важи Временото решение за висината на надокнадата што се наплатува на јавните воздухопловни пристаништа на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 95/47).

Бр. 584
11 мај 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за сообраќај и врски,
**Тодор Вујасиновиќ, с. р.**

Согласен:
Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ, с. р.**

# УКАЗИ

Врз основа на чл. 74 точ. 10 од Уставот на ФНРЈ, а по предлог од Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија издава

## УКАЗ

## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН ПРАТЕНИК И ОПОЛНОМОШТЕН МИНИСТЕР НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ЧИЛЕ

Се назначува за извонреден пратеник и ополномоштен министер на Федеративна Народна Република Југославија во чиле Лазар Лилиќ, отправник на работите на ФНРЈ во Либан.

У. бр. 681
10 мај 1951 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар,
**Миле Перуничиќ, с. р.**

Претседател,
**др. Иван Рибар, с. р.**

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

## УРАДНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СЛОВЕНИЈЕ

„Урадни лист Народне Републике Словеније" во бројот 14 од 3 април 1951 година објавува:

**Указ** за свикување на Народната скупштина на Народна Република Словенија;

**Уредба** за оснивање Технички музеј на Словенија;

**Уредба** за укинување Уредбата за откуп на вино во економската 1950/51 година;

**Напатствие** за пресметка на трошковите на фондовите за механизација и инвестициона изградба на задружното земјоделство, што биле исплатувани до 31 декември 1950 година од кредитот на Народната банка на ФНРЈ.

Во бројот 15 од 17 април 1951 година објавува:

**Одлука** на Народната скупштина на Народната Република Словенија за оставката на Владата на НР Словенија;

**Одлука** на Народната скупштина на Народна Република Словенија за реорганизација на Владата на Народна Република Словенија;

**Одлука** на Народната скупштина на Народната Република Словенија за именување на Владата на Народна Република Словенија;

**Одлука** на Народната скупштина на Народната Република Словенија за потврда на уредбите што ги донела Владата на НРС по Законот за овластување Владата на НРС за донесување уредби во областа на народното стопанство;

**Указ** за именување директори на главните управи и дирекции;

**Наредба** за укинување Наредбата на Министерството на внатрешните работи на НРС за пријавувањето, регистрација и опремата на возилата;

**Напатствие** за полнење сортни или типизирани конзумни вина во шишиња.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 11 од 4 април 1951 година нема службен дел.

Во бројот 12 од 10 април 1951 година објавува:

**Решение** за давање земјиште за градинарски култури и за држање добиток на земјоделските работници на државните земјоделски стопанства од локално значење;

**Наредба** за забрана на секаков риболов во реките на Народна Република Македонија.

Во бројот 13 од 18 април 1951 година објавува:

**Указ** за реорганизација на Владата на Народна Република Македонија;

**Указ** за реконструкција на Владата на Народна Република Македонија;

**Указ** за помилување осудените лица;

**Решение** за условите за купување уље и уљена сачма за испорачаното афионско семе и смола, сусам и кикирики;

**Напатствие** за склучување договори за превоз на стоки и шпедитерски услуги во 1951 година со средствата на друмскиот сообраќај;

**Напатствие** за специфицирање и документирање на разликите во цената на материјалот во структурата

на цената на државните индустриски производители претпријатија од локално значение;

**Решение** за оснивањето и работата на Здружението на пензионерите од Народна Република Македонија.

Во бројот 14 од 27 април 1951 година објавува:

**Указ** за деломично помилување на осудените лица;

**Решение** за даночните стопи на данокот на доход.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 8 од 7 април 1951 година објавува:

**Указ** за определување претпријатија од локално значење за претпријатија од републичко значење;

**Уредба** за откуп на волна во календарската 1951 година;

**Уредба** за изменувања и дополнувања на Уредбата за дневниците и за накнада на трошковите на судиите — поротници;

**Уредба** за Средната балетска школа во Сарајево;

**Уредба** за Средната драмска школа во Сарајево;

**Уредба** за укинување Дирекцијата на претпријатијата за снабдување на Министерството на внатрешните работи;

**Уредба** за укинување Уредбата за инспекција на парните котели во Сарајево;

**Напатствие** за употребата на еднообразен образец „Наруџба" за набавки и услуги;

**Решение** за органите на управување со риболовот во риболовните води;

**Решение** за определување патишта од II ред;

**Решение** за оснивање Републички стручен совет за народно здравје.

Во бројот 9 од 14 април 1951 година објавува:

**Указ** за реорганизација на Владата на Народна Република Босна и Херцеговина;

**Указ** за изменување во Владата на Народна Република Босна и Херцеговина;

**Указ** за назначување заменик на Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура;

**Указ** за именување директори на главните управи и главните дирекции;

**Уредба** за Стопанското здружение на кинематографските претпријатија;

**Напатствие** за висината и начинот на наплатувањето на доприносот на занатчиските комори;

**Решение** за определување намалени единствени цени во продажбата на мало за свежа риба (речна и езерска);

**Решение** за намалените единствени цени во продажбата на мало на свежо и суво месо, колбасичарски производи, отпадоци од маст за јадење и сув лук.

Во бројот 10 од 4 мај 1951 година објавува:

**Уредба** за просветно-домаќинските курсеви;

**Правилник** за изменување и дополнувања на Правилникот за приватните, класовите, поправните и дополнителните испити во гимназиите;

**Решение** за даночните стопи на данокот на доход;

**Наредба** за пресметување вредноста на работната сила во сезонските селско-стопански работи;

**Наредба** за начинот на задолжувањето на земјоделците и лицата во наемен и исполциски однос со задолжителна испорака на селско-стопанските производи;

**Напатствие** за регистрација на дозволите за вршење занаетчиски радиности без постојано работно место, на дозволите за вршење занаети дома кај порачачот и на дозволите за вршење дејности што се слични со занаетчиската радиност.

## НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службени лист на Народна Република Хрватска во бројот 21 од 9 април 1951 година објавуваат;

**Уредба** за олесненија на данокот на доход;

**Решение** за даночните стопи на данокот на доход;

**Решение** за признавање работите и за висината на надниците за пресметување вредности на туѓа работна сила како режија при утврдувањето на даночната основица на приходите од селското стопанство;

**Скали** на даночните стопи на данокот на доход;

**Наредба** за изменувања и дополнувања на Наредбата за роковите за испраќање периодични пресметки на државните стопански претпријатија и на повисоките стопански здруженија од локално значение.

Во бројот 22 од 12 април 1951 година немаат службен дел.

Во бројот 23 од 18 април 1951 година немаат службен дел.

Во бројот 24 од 20 април 1951 година објавуваат:

**Уредба** за пренесување работите на организацијата на концертни приредби на Здружението на музичките уметници на Хрватска;

**Напатствие** за устројството и работата на советите на граѓаните за социјални грижи;

**Напатствие** за устројството и работата на советите на граѓаните за народно здравје;

**Наредба** за движење на кучињата и мачките по ловиштата.

Во бројот 25 од 25 април 1951 година објавуваат:

**Указ** за свикување Саборот на Народна Република Хрватска;

**Напатствие** за устројството и работата на советите на граѓаните за селско стопанство;

**Напатствие** за применување на Решението за даночните стопи на данокот на доход.

Во бројот 26 од 30 април 1951 година објавуваат:

**Указ** за помилување на осудените лица;

**Решение** за изменување на Решението за номенклатурата на службените места и звањата на службениците во народните одбори, за чие што назначување, преместување, времено испраќање на работа и престанок на службата, е потребна согласност од надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно од секретарот за персонална служба на Владата на НР Хрватска.

Во бројот 27 од 9 мај 1951 година објавуваат:

**Одлука** за реорганизација на Владата на Народна Република Хрватска;

**Одлука** за реконструкција на Владата на Народна Република Хрватска;

**Одлука** за потврда на уредбите на Владата на Народна Република Хрватска, донесени од 1 април 1951 година;

**Одлука** за разрешување од должност и за избор судии на Врховниот суд на Народна Република Хрватска.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 8 од 10 април 1951 година објавува:

**Указ** за помилување на осудените лица;

**Указ** за реорганизација на Владата на НР Црна Гора;

**Указ** за разрешување и назначување министри на Владата на НР Црна Гора;

**Задолжително толкување** на точ. 15) од Указот на Президиумот на Народната скупштина на НР Црна Гора бр. 808 од 28 април 1948 година;

**Наредба** за утврдување производи на кои што цените ке им ги определуваат органите за цени на Владата на НР Црна Гора и за надлежноста на републичките и локалните органи за пропишување тарифи;

**Наредба** за определување матичарски подрачја на територијата на НР Црна Гора;

**Решение** за определување стопи на одредените плански добивки на државните природни лекувалишта за лекувалишни услуги што ги вршат бањските и климатските лекувалишта во НР Црна Гора;

**Службено соопштене** за одредување места кај што ќе се полагаат стручни и дополнителни испити и за определување срокови за испити во административната струка.

Во бројот 9 од 25 април 1951 година објавува:

**Указ** за изземање од национализацијата;

**Указ** за именување директори на главните управи во советите на Владата на Народна Република Црна Гора;

**Указ** за именување директор на Главната управа за селското стопанство;

**Указ** за именување директори на главните дирекции во советите на Владата на Народна Република Црна Гора;

**Задолжително толкување** на точ. 3), 6), 10) и 14) на Указот од Президиумот на Народната скупштина на НР Црна Гора бр. 819 од 30 април 1948 година;

**Уредба** за условите и начинот на вршењето на стопанските дејности што се слични со занаетчиската радиност;

**Наредба** за пренесување претпријатија од републичка надлежност во надлежност на народните одбори;

**Решение** за даночните стопи на данокот на доход;

**Решение** за расподелба на работите од надлежноста на Главната управа на трудот на Главната управа за план и на Советот за народно здравје и социјална политика;

**Решение** за именување членови на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на Народна Република Црна Гора.

## СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 13 од 13 април 1951 година објавува:

**Указ** за именување Владата на Народна Република Србија;

**Решение** за ставање Институтот за испитување лековити растенија во Белград под раководство на Министерството на народното здравје;

**Решение** за ставање Сеизмолошкиот завод во Белград под раководство на Министерството за наука и култура;

**Решение** за спојување Епидемиолошко-бактериолошкиот институт на НР Србија, Хигиенскиот институт во Белград и Епидемиолошкиот институт во Белград;

**Решение** за стопата на редовната добивка на угостителските дуќани на државните угостителски претпријатија под стопанска управа на републичките и локалните органи;

**Наредба** за утврдување производите и услугите на кои што ке им ги определуваат цените односно пропишуваат тарифите органите на Народна Република Србија;

**Наредба** за мерките за извршување планот на градежните обекти.

Во бројот 14 од 20 април 1951 година објавува:

**Одлука** на Народната скупштина НРС за реорганизацијата на Владата на Народна Република Србија;

**Одлука** на Народната скупштина на НРС за именување на Президиумот на Народната скупштина на Народната Република Србија;

**Указ** за установување положај заменик на министер;

**Указ** за именување заменик на министерот-претседател на Советот за народно здравје и социјална политика;

**Указ** за именување директори на главните управи во состав на Владата на Народна Република Србија;

**Указ** за определување установите, општествените и професионалните организации чии што претставители влегуваат по положајот како членови во Советот за просвета, наука и култура и во Советот за народно здравје и социјална политика;

**Указ** за именување членови на Советот за просвета, наука и култура;

**Указ** за именување членови на Советот за народно здравје и социјална политика;

**Решение** за исправка на планот на откупот на волна за 1951 година;

**Напатствие** за начинот на вршењето на ревизијата и инструктажата на занаетчиските задруги и на околиските и градските занаетчиски комори.

Во бројот 15 од 28 април 1951 година објавува:

**Напатствие** за трошковите што ги содржат поодделните елементи на структурата на полната цена на чинењето на услугите за лекување на државните природни лекувалишта;

**Напатствие** за уводење, разрез и наплата на накнадата за услугите околу чување полските имоти;

**Напатствие** за платите и наградите на полјаците.

Во бројот 16 од 5 април 1951 година објавува:

**Уредба** за укинување Главната дирекција на индустриските претпријатија на Министерството на внатрешните работи;

**Наредба** за мелењето на житата;

**Решение** за категоризација на јавните патишта од II ред на територија на Народна Република Србија.

## СОДРЖАЈ:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 247. | Решение за надлежноста за определување продавните цени на проектите — — — — | 369 |
| 248. | Правилник за додатоците во натура на преподавателскиот и воспитниот персонал — — | 369 |
| 249. | Напатствие за изменувањата и дополнувањата на Напатствието за пресметка, уплата и за регрес на разликите што станале поради изменувањето на цената на стоките што се затечени во трговската мрежа и поради изменувањето цените на услугите — — — — | 370 |
| 250. | Наредба за одделни додатоци за службениците што работат во ветеринарни установи под услови опасни по животот или по здравјето — — — — — — — — — — — — — | 371 |
| 251. | Решение за маржите во трговијата на големо и во трговијата на мало и за начинот на определување на индивидуалните трошкови на трговијата на големо — — — — — — | 372 |
| 252. | Решение за висината на надокнатите за услуги на јавните воздухопловни пристаништа | 372 |


**Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград, Улица Кралевика Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Кралевика Марка бр. 9. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград**